Д. ДИМЕВСКИ

# КАДИНОСЕЛСКАТА ПРОВАЛА, 1902 ГОДИНА

Растежот на револуционерното движење во Прилепско во првите месеци на 1902 година неразделно е сврзан за името на Методија Патчев[1]). Неговото доаѓање на постот околиски војвода во Прилепско кон крајот на 1901 година[2]), придонесло, во знатна мера, за подемот на ТМОРО во Прилепско во почетокот на 1902 година.

[1] Методија *Патчев* (1875—1902 г.) е роден во Охрид. Откако го завршил класното училиште во Охрид останал да му помага на татка си. Меѓутоа, младешкиот немир и копнежот за дооформување на образованието — го одвеле во Солун. Но залудно. И таму материјалниот фактор одиграл пресудна улога. По низа перипетии доживеани во Софија, Кустендил, Самоков и Пловдив, младиот Патчев се вратил во Охрид каде станал учител во едно основно училиште (учебна 1896/7 год.). Истата година, пројавувајќи изразита револуционерна активност, покрај Христо Узунов, станал еден од столбовите на ТМОРО во Охридско. Идната учебна 1897/8 година ја провел како учител во кичевското село Ехловец. По повод убиството на турскиот шпион Димитар Грданов во Охрид (август 1898 год.), Патчев бил уапсен и осуден. По неколкумесечен престој во охридскиот затвор Патчев бил префрлен во Централниот битолски затвор каде што останал до средината на 1901 година. Затворското досие му ги затворило вратите на легална дејност. Така, иако бил назначен за учител во Прилеп (учебна 1901/2 год.), охридскиот кајмакам одбил да му издаде потврда за лојалност. Тоа го одвело во „четната школа" на војводата Марко Лерински во која останал до крајот на м. октомври. Од крајот на 1901 година па сè до смртта ја заземал должноста околиски војвода во Прилепско.

Сп. Методи Я. Патчевъ, в. Право, редакторъ Наумовъ, г. II/25(33), София, 10. VIII. 1902, 1; Хр. М., Методи Я. Патчевъ, сп. Македонска зора, редактира М. Грашевъ, г. II/бр. V, (София, 1904), 5—7; Методи Патчевъ, отдѣлъ IX, т. XVIII, обясн. тѣкстъ, стр. 11, бр. 67, Албумъ Алманахъ Македония, София, 1931; М. Патчев, Македонски возрожденци и револуционери, Албум, Скопје, 1950, 61 (Овде погрешно фигурира 1876 година како година на раѓање на Патчев); Ан. Кецкаровъ, Предтечи на Революционната организация въ Охридско, Илюстрация Илинденъ, VIII/1 (71), София, 1936, 13; Борбата въ Костурско и Охридско (до 1904), по спомени на Иванъ Поповъ, *Смиле Войдановъ*, Деянъ Димитровъ и Никола Митревъ, МНИ, София, 1926, 69—70; Спомени на Анастас Лозанчев, ракопис, Архив на ИНИ, Скопје, сл. IV. 84, 10; Христо Андонов Полјански, Драмата во Цер, Скопје, 1968, 31.

[2]) Според споменатиот напис во в. Право (М. Патчевъ, в. Право, II/25 (33), 1), Патчев пристигнал во Прилепско во м. ноември 1901 година; Според Г. Трајчев, Патчев пристигнал во Прилеп пред Митровден (8 ноември). Веднаш заминал во с. Селце, придружен од Рампо Пешков, за да го прими раководството над четата. (Г.

Сестраната организаторска и агитаторска дејност на М. Патчев знатно придонела за ширењето и зацврстувањето на организационата мрежа во Прилепско[3]).

Патчевата организаторска способност[4]) посебно дошла до израз при зајакнувањето на организационите редови во Прилепско, како и при вклучувањето на нови села во организационата мрежа[5]).

---

Трайчевъ, Приносъ къмъ историята на революционното дело въ Македония (Прилепско), София, 1925, 32. Трајчев прерано го датира Патчевото пристигање. Спореди; Спомени на Н. П. Русински, Архив на ИНИ, сл. IV. 319/IX, 340—41.

Меѓутоа, според Силјанова, Патчев ,,застанал на чело на првата агитационо-организаторска чета во Прилепско" во м. јануари 1902 година. (Христо Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ първи, София, 1933, 136).

[3]) Поволната клима што настапила по доаѓањето на Делчев, инстиктот на прекален револуционер, драгоценото искуство стекнато при стажирањето во ,,четната школа" на Марко Лерински, како и личните квалитети, — му овозможиле на Патчева да ја прошири и зацврсти дотогаш лабилната организациона мрежа во Прилепско. И затоа, не залудно, Силјанов гледа во Патчевата чета ,,прва организациона чета во Прилепско" (Види: фусн. 2).

Навистина, хронолошки гледано, првата организациона чета предводена од М. Ацев се појавила во Прилепско во 1900 година. Во 1901 година на нејзино место дошла четата на М. Лазаров. Сп. Г. Трайчевъ, op. cit., 30—31. (Кај Силјанова — Лазовъ. Сп. Хр. Силяновъ, op. cit., 136).

На 15/28. VIII. 1901 година за нов прилепски околиски војвода бил назначен Н. Петров Русински. (Спомени на Н. Русински, ракопис, Архив на ИНИ, Скопје, сл. IV. 319/IV, стр. 595ѓ).

Него го заменил М. Патчев. Интересен е фактот што ниеден од четниците на Н. П. Русински не останал со Патчева, поради што последниов бил принуден да формира нова чета. Сп. Спомени на Н. П. Русински. . . сл. IV. 319/IX, 341. (Трајчев говори дека Даме Попов, четник на Русински, го напуштил Патчева во почетокот на 1902 година. Г. Трайчевъ, op. cit., 32).

Меѓутоа, на својата вистинска намена одговорила само четата на Патчева, а делумно и четата на Русински.

[4]) Патчевите организаторски квалитети станале евидентни многу рано, уште 1896, а особено во 1897 година, кога, меѓу другите, во с. Ехловец од него бил ,,покрстен" и Смиле Војданов. (Борбата въ Костурско и Охридско. ., По спомени на. . . Смиле Войдановъ, София, 1926, 70).

Секако, неговата организаторска наклоност добила нова димензија по престојот во ,,школата" на М. Лерински.

[5]) Според Г. Трајчев, Патчев организирал околу 25 села во Прилепско. Г. Трайчевъ, op. cit., 32.

Меѓутоа, овој податок на Трајчева не одговара на вистината, зашто само Русински со својата чета одржал ,,собранија" во 24 села во Прилепско. Русински ги наведува селата: Оревоец, Плетвар, Беловодица, Царевиќ, Тројаци, Топлица, Долнени, Небрегово, Сенокос, Селце, Степанци, Мажучишта, Дрен, Вранче, Присад, Забрчани и др. Самиот Русински во своите Спомени е мошне самокритичен кога вели дека не може да се пофали со некаква ,,творечка" револуционерна работа во Прилепско, зашто најголемиот дел од својот престој во овој крај го посветил на гонењето на Булимана. Главната одговорност за ваквата состојба на работите ја сноси Прилепскиот револуционерен комитет. Оттаму резултира битното разидување на Русински со Прилепскиот револуционерен к-т, жалбата на Русински на Делчева, како и заминувањето на Русински од Прилепско. Сп. Спомени на Русински, ракопис. . ., сл. IV. 319/IX, 323—324.

Ни се чини дека *главната заслуга* на Патчева лежи во зацврстувањето на постојната организациона мрежа во Прилепско, а не во организирањето на нови села како што би можело да се констатира од наведениот податок на Трајчева.

Така, Патчев го организирал и с. Ракле[6]).

Големо внимание Патчев посветил и на боевата готовност на Организацијата во Прилепско. Познато е дека тој инсистирал секое село, по секоја цена, да располага со извесна количина пушки и муниција[7]).

Меѓутоа, извесниот препород што настапил во редовите на ТМОРО во Прилепско не траел долго. Нишките на Патчевата плодотворна дејност[8]) ги прекинала Кадиноселската провала.

Кадиноселската провала е во директна врска со убиството на учителот Милан Чорбев[9]) во с. Мажучиште, Прилепско.

Чорбев бил осуден на смрт од страна на Месниот револуционерен комитет[10]) и наскоро егзекутиран[11]). Тоа и дало повод на турската власт да изврши апсења на првенци и сомнителни лица од с. Мажучиште и гр. Прилеп.

Така, на 3/16 февруари 1902 година биле уапсени:

---

[6]) Исказ на Коста Ангелески (1880—1968) сн. на магн. лента на 24. III. 1968 г. Историски музеј на СРМ, Скопје.

[7]) Според Мијајле Петрески, Патчев инсистирал секое село да се снабди со по пет боеви пушки. Сп. Исказ на М. Петрески (р. во с. Небрегово во 1875 год.) сн. на магнетофонска лента на 3 мај 1968 год., Историски музеј на СРМ, Скопје; Според Тоде Плетварец, Патчев му наредил на раководството на Организацијата од с. Присад да се снабди по каков и да е начин со три пушки. За снабдувањето со пушки од Турци, како и за турските малверзации при препродажбата на пушките опширно говори Т. Плетварец. Сп. Исказ на Т. Плетварец сн. на магн. лента на 3 мај 1968 год., Историски музеј на СРМ, Скопје.

[8]) Според нотицата во Албум Алманах Македонија, Патчев, меѓу другото, внесол ,,извесно смирување" во организационите редови во Прилепско. Ова било мошне благотворно со оглед на тоа што претходно расправиите во прилепските организациони редови ,,достигнале врв". Сп. Методи Патчевъ, отд. IX, т. XVIII, обясн. т., 11, бр. 67, Албум Алманахъ Македония, София, 1931.

[9]) Милан Чорбев бил учител во с. Мажучиште во учебната 1901/2 година. Според Русински, Чорбев бил ,,мошне даровито момче". Изгледало дека ,,ја претставува младата интелигенција" во Прилепската револуционерна организација. На последното собрание што го организирал Русински во с. Мажучиште, присуствувал и М. Чорбев ,,добро вооружен како четник". (Русински во почетокот погрешно го дава името на Чорбева, нарекувајќи го Атанас, но понатаму, во своите Спомени, се корегира и го предава вистинското име на Чорбева — Милан). Сп. Спомени на Н. П. Русински, ракопис, Архив на ИНИ, Скопје, сл. IV. 319/IX, 318—319, 328, 341Б.

[10]) Според Г. Трајчев, на кормилото на Прилепскиот револуционерен к-т во 1901/2 година стоел директорот на прилепските училишта Дим. П. Пандов. Покрај него, членови на Комитетот биле Тале Христов и Кирил Прличев. Г. Трайчевъ, op. cit., 31.

[11]) Русински дознал дека ,,Чорбев бил противник на собирањето пари за оружје" од селаните. Тоа, според верзијата на Русински, бил главниот мотив за ликвидирањето на Чорбева. (Иако и самиот бил противник на собирањето парични средства од населението, Русински своевремено ја спроведувал таа ,,наредба" на Прилепскиот револуционерен к-т. и му оставил ,,на Чорбева да продолжи"). Сп. Спомени на Н. П. Русински, ракопис.., сл. IV. 319/IX, 341Б. Што го навело Чорбева да се спротистави на споменатата одлука на К-т и да откаже послушност останува тајна. Поради недостиг на документација останува без одговор прашањето: Дали ова бил единствениот и клучниот ,,грев" на Милана Чорбев?

Според верзијата на А. Динев, Чорбев бил ,,врховист". Сп. Ангел Динев, Илинденска епопея, София, 1946, 191.

Сепак ни изгледа дека верзијата на Русински е поблиску до вистината.

Барем засега останува непознат егзекуторот на Чорбева. Според А. Динев, Чорбев бил убиен од четата на Патчев. (А. Динев, op. cit-,191). Сосем нормално би

1. Никола Настов од с. Мажучиште, 23 годишен;
2. Спиро Тошев, с. Мажучиште, 42 годишен;
3. Јордан Ристев, с. Мажучиште, 33 год.;
4. Георги Ацев, с. Мажучиште, 28 год.;
5. Спиро Димев, с. Мажучиште, 36 год.;
6. Јанко Секулов, с. Мажучиште, 52 год.;
7. Коне Секулов, с. Мажучиште, 60 год.;
8. Мирче Павлев, с. Мажучиште, 56 год.;
9. Бого Николов, с. Мажучиште, 48 год.;
10. Ман. Николов, с. Мажучиште, 37 годишен[12]).
11. Илија Дамев, с. Мажучиште, 52 годишен;
12. Диме Конев, с. Мажучиште, 42 год.;
13. Ташко Конев, с. Мажучиште, 35 годишен[13]).

На 6/19. II. 1902 година бил затворен:

14. Ристе Јаковчев од с. Мажучиште, 50 годишен[14]); а на 10/23. II и
15. Лазар Гелев, с. Мажучиште, 32 годишен[15]).

Две недели покасно, на 24. II/9. III. 1092 година биле затворени:

16. Коце Ристев од гр. Прилеп, 24 годишен;
17. Алексо Ристев, гр. Прилеп, 20 годишен; и
18. Милан Димев, гр. Прилеп, 22 годишен[16]).

Дознавајќи за одржаната учителска вечеринка во Прилеп, организирана вечерта кога бил убиен Чорбев, турската власт извршила претрес во куќата на главната учителка, г-ца Цветанка Сенокозлиева. Притоа кај неа било најдено писмо со конспиративна содржина, адресирано на Атанас Иванов, тогаш учител во Ресен[17]). Во писмото, меѓу другото, било истакнато:

---

било егзекуцијата да биде дело на четата, со оглед на тоа што таа била извршен орган на Организацијата. Меѓутоа, прашање е дали четата на Патчев ја извршила ликвидацијата, со оглед на фактот што еден од затворените во врска со случајот Чорбев бил осуден на смрт. За жал не располагаме со судските протоколи, поради што не можевме да ја утврдиме вистината.

Што се однесува до начинот на кој бил ликвидиран Чорбев, од еден напис во в. Реформи дознаваме дека Чорбев бил заклан. Сп. Ужасна афера въ Прилепско, в. Реформи, Органъ на Върховния Македоно-Одрински комитетъ, г. IV/15, София, 3 май 1902, 2.

[12]) Точенъ списъкъ на политическитѣ затворници въ Битолския затворъ, в. Право, II/30 (38), София, 13. IX. 1902, 2.

[13]) Точенъ списъкъ..., в. Право, II/29 (37), София, 6. IX. 1902, 2.

[14]) Точенъ списъкъ..., в. Право, II/29 (37), 2.

[15]) Точенъ списъкъ..., в. Право, II/30 (38) 2.

[16]) Точенъ списъкъ..., в. Право, II/29 (37) 2.

[17]) Од една дописка во в. Дело дознаваме дека бил извршен претрес во Ресен во домовите на учителите Групчев, Јотов и Ат. Иванов. По претресот сите тројца биле затворени, Вѣсти и бѣлѣжки (Изъ Македония и Одринско), Битола, 14 февруарий (ст. ст.) 1902 г., — в. Дело, Независимъ Македоно-Одрински листъ, г. I/бр. 8, София, 28 февруарий 1902, 3.

Не е исклучена можноста Ат. Иванов да бил затворен поради споменатото писмо на Цв. Сенокозлиева. (Ат. Иванов во 1903 година бил секретар во четата на Оклева. Сп. Д. Димески, Националноослободителното движење во Прилепско во 1903 година, Г ИНИ, г. XIV/2—3, Скопје, 1970, 130).

„Директорот ги дели нашите мислења, но едно е лошо, жално и тажно, што се поддава на туѓи влијанија”[18]).

Тоа било доволно за компромитирање на директорот на прилепските училишта, Дим. П. Пандов[19]), — во очите на турската власт. Поради тоа, Д. П. Пандов бил задржан во прилепскиот затвор[20]), а 25 годишната Цв. Сенокозлиева била затворена во куќата на имамот. Заедно со неа доброволно останала нејзината мајка[21]).

По затворањето на Дим. П. Пандов, на чело на Месниот револуционерен комитет застанал К. Прличев[22]).

Во врска со споменатата другарска вечер биле сослушани од турската полиција уште петмина учители и граѓани, како и четири учителки[23]).

Епилогот на случајот Чорбев[24]) не бил розов. Судскиот процес што почнал на 2/15. VII. 1902 година во Битола, бил прекинат и одложен[25]).

Финалето на процесот подигнат по повод убиството на Чорбев се одиграло на 15/28 август 1902 година во турскиот суд во Битола. Изречените казни биле доста тешки. На смрт бил осуден 23 годишниот Никола Настов од с. Мажучиште, а на по 8 години затвор биле осудени Бого Николов и Ман. Николов, исто така од с. Мажучиште[26]). Останатите веќе наведени личности, освен Л. Гелев (кој веројатно бил ослободен), добиле по 3 години затвор[27]).

Нешто покасно, поради недостиг на докази од затвор биле пуштени Д. П. Пандов и Цв. Сенокозлиева[28]).

Меѓутоа, изречените казни и гниењето во турските затвори не можат ни оддалеку да се мерат со реперкусијата што произлегла од случајот Чорбев[29]).

---

[18]) Ужасна афера въ Прилепско, в. Реформи, IV/15, София, 3. V. 1902, 2.

[19]) Д. П. Пандов бил роден во с. Ваташа, Тиквешко. Г. Трайчевъ, op. cit., 70; Во в. Право се споменува под презимето Папандов. Сп. Освободени затвореници, — в. Право, органъ на Македоно-Одринскитѣ интереси, год. II/бр. 32 (40), София, 27. IX. 1902, 3.

[20]) Во април 1902 год., Дим. П. Пандов бил пуштен на слобода. По неколку дни бил повторно затворен. сп. Ужасна афера въ Прилепско, в. Реформи, IV/15, 2.

[21]) Вѣсти и бѣлѣжки. Прилѣпъ. Писмо, 9 май, — в. Дѣло, г. I/23, София, 16 юний 1902 г., 2.

Покасно Цвета Сенокозлиева била префрлена во битолскиот затвор. Сп. Точен списъкъ.., в. Право, II/31 (39), София, 22. IX. 1902 год., 3.

[22]) Г. Трайчевъ, op. cit., 31.

[23]) Прилѣпъ. Писмо, 9 май, — в. Дѣло, I/23, 2.

[24]) Според еден напис во в. Право во битолскиот затвор по случајот Чорбев лежеле 8 лица. Политически процеси въ Битола, в. Право, II/23 (31), София, 19 юлий 1902, 3.

Меѓутоа, нивниот број бил знатно поголем.

[25]) Политически процеси въ Битола, в. Право, II/23 (31), 3. Веројатно тогаш биле осудени на по три години затвор: Илија Дамев, Диме Конев и Ташко Конев. сп. Точенъ списъкъ.., в. Право, II/29 (37), 2.

[26]) Точенъ списъкъ на политическитѣ затворници въ Битолския затворъ, в. Право, II/30 (38), София, 13. IX. 1902, 2.

[27]) Точенъ списъкъ.., в. Право, II/29 (37), 2 и II/30 (38), 2.

[28]) Осvододени затворници, в. Право, II/32 (40), София, 27. IX. 1902, 3.

[29]) Горната констатација ја донесовме при целосно апстрахирање од другите околности што довеле до Кадиноселската провала.

Збор станува за провалување на шифрата на Организацијата во Прилепско. По првите апсења и сослушувања во м. февруари 1902 година, турската полиција го дознала клучот на шифрата на Организацијата[30]). Барем засега, под превезот на мистеријата останува личноста што ја провалила шифрата на Организацијата[31]).

Ликвидацијата на Чорбева[32]) и арестите по тој случај не ја закочиле агитаторската дејност на Патчевата чета. Во неделата на 6 април (24 март ст. ст) 1902 година, четата на Патчев пристигнала во Кадино Село[33]).

Од конзулскиот извештај бр. 53 од 13 април 1902 год. на А. Билиоти, британски генерален конзул во Солун, — којшто го приложил кон своето П. П. бр. 190 од 22 април британскиот амбасадор во Цариград О' Конор, дознаваме дека четата на Патчева додека одржувала конспиративен состанок во Кадино Село со двајца свештеници и неколкумина селани, била изненадена од турска жандармерија[34]). Всушност,

---

[30]) Ужасна афера въ Прилепско. в. Реформи, IV/15, София, 3 май 1902, 1.

Трагиката лежи во фактот што Организацијата не дознала навреме за провалената шифра.

[31]) Не располагаме со судските протоколи од споменатиот процес. Можеби во нив се крие енигматската личност.

[32]) Хр. М. на Патчева му припишува претерана строгост. Овде секако го има во предвид и убиството на Чорбев. Сепак наоѓа оправдание за него како „краен крајник", а одговорноста ја фрла на „крвожедните рапорти на. . (неговото, м. б.) началство". Хр. М., Методи Я. Патчевъ, сп. Македонска зора, II/V, (София, 1904), 6—7.

Ние веќе се изјаснивме за случајот Чорбев (сп. фусн. 11). Меѓутоа, факт е дека четата на Патчев го ликвидирала во март 1902 г. бившиот војвода Тале Горанов, којшто бил осуден на смрт од Окружниот рев. к-т. Сп. Борбата в Костурско и Охридско.. 77; Освободителната борба въ Костурско (до 1904), По спомени на Пандо Кляшевъ, София, 1925, 45; Хр. Силяновъ, op. cit., 137; Хр. А. Полјански, op. cit., 32.

Овде не може да стане збор за некаква строгост со оглед на фактот што четата исполнувала наредба на повисок орган.

[33]) Мошне е интересен исказот на М. Петрески.

Патчев го повикал Мијајлета и шура му (не можевме да го утврдиме неговиот идентитет) во Кадино Село на состанок по прашањето за пушките. Мијајле, по занает кондураџија, бил задолжен од Организацијата да прави ремени за пушките што биле набавувани за селата. Откако се запознале со Патчевите упатства, Мијајлевиот шура (по занает бочвар) го известил Патчева дека организационите пари што му биле доверени на чување (100 златни лири) ги оставил во една бочва во дуќанот (во Прилеп). Го замолил Патчева да му дозволи да се врати во градот, зашто постоела опасност татко му да ги пронајде и скрие (проневери) тие пари. Така Мијајле со шура му се вратиле во градот вечерта, непосредно пред судирот во Кадино Село. (Сп. Исказ на М. Петрески, сн. на магн. лента, Историски музеј на СРМ, Скопје.).

Вистинитоста на овој исказ не можевме да ја провериме. Сепак не можеме да се сомневаме дека Патчев речиси до последните мигови на својот живот бил преокупиран со организациони проблеми.

[34]) Sir N. O'Conor to the Marquess of Lansdowne — Constantinople, april 22, 1902. (Public Record Office. London FO 78/5191. Turkey.).

Архив на Македонија, Скопје, М—418.

[35]) Според Хр. М., предавникот се викал Ристо. Неговите три сина биле во на Организацијата. Хр. М., Методи Я. Патчевъ, сп. Македонска зора, г. II/V, (София, 1904), 7; Г. Трайчев, op. ctt., 64.

Името Ристо го наведува и И. Јордановски (И. Јордановски, Афери што ја потресуваа Македонија, Драмата во Кадино село, — в. Нова Македонија, г. XXVI/8455 од 5. VIII. 1970, стр. 8). Според Шакира, предавник бил Станко Врба од Кадино Село. (Спомени на Крсто Гермов — Шакир, ракопис, архив на ИНИ, Скопје, сл. IV/167, 9).

во прашање било предавство. Кадиноселскиот кмет[35]), од непознати причини, ја предал четата на турската власт[36]).

Најпрво малото жандармериско одделение од 50 души[37]) ја опколило старата турска кула во која била настанета Патчевата чета. Нешто покасно пристигнала турска коњица, а по неа и пешадија од Прилеп[38]), како и засилување од Битола[39]). Кон регуларната турска војска се приклучил башибозук од турските села. Пристигнал и Расим разбојникот со 25 души[40]).

Борбата започнала во неделата навечер[41]), а завршила во претпладневните часови идниот ден[42]).

Во борбата учествувале седуммина македонски революционери[43]) наспроти неколку стотини турски војници, жандармерија и башибозук[44]).

[36] Македония и Одринско (1893—1903), Мемоаръ на Вътрѣшната организация, 1904, 64; Къмъ борбитѣ въ Югозападна Македония (Кичевско, битолско, леринско, преспанско, дебърско), По спомени на Л. Джеровъ, *Г. П. Христовъ*, А. Андреевъ, Г. Папанчевъ и Л. Димитровъ, София, 1926, 37; Христо Силяновъ, Писма и изповѣди на единъ четникъ (1902), София, 137; Г. Трайчевъ, op. cit., 33; Спомени на Анастас Лозанчев, Архив на ИНИ, Скопје, сл. IV. 84, стр. 11—12.

Според А. Динев, предавството било резултат на ликвидацијата на Чорбев, која предизвикала незадоволство. А. Динев, op. cit., 191.

[37]) Сражението на една чета и положението в Битолско, Битоля, 30 мартъ 1902, —в. Дѣло, г. I/14—15, София, 13 априлий 1902, 3.

[38]) Според споменатиот напис (Сражението на една чета..., 3), на помош пристигнал одред од 400 души коњица, а нешто покасно и 400 души пешадија.

Секако, овие бројки се хиперболизирани.

[39]) Хр. Силяновъ, Писма и изповѣди.., 137; А. Лозанчев, Осврт врз спомените публикувани од Милетич (Ракопис, приклучен кон Спомените на Лозанчев), Архив на ИНИ, сл. IV. 84, 18.

[40]) Изъ Революционната борба. Прилѣпско, — в. Реформи, г. IV/10, София, 30 мартъ 1902, 3.

[41]) Сп. фусн. 33.

Борбата почнала на 24 март (6 април) и според Мемоарот, Сп. Македония и Одринско, Мемоаръ..., 64; Г. Трайчевъ, ср. cit, 33.

[42]) Борбата траела 15 часа.

Македония и Одринско, Мемоаръ.., 84; Г. Трайчевъ, op. cit., 36; Д. Димески, Idem, 129.

Според А. Билиоти, борбата траела 4 часа. PRO FO 78/5191; Според споменатиот напис во в. Реформи (Изъ революционната борба. Прилѣпско, в. Реформи,IV/10,3), борбата траела 20 часа; Според Силјанова — 22 часа (Хр. Силяновъ, Писма и изповѣди.., 137; Нешто покасно Силјанов говори дека борбата се одиграла на 25 март и траела цел ден. Сп. Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби.., 136; Според нотицата во Албум Алманах Македонија борбата траела 24 часа. (М. Патчевъ, отд. IX, стр. 11).

[43]) PRO FO 78/5191; Изъ революционната борба, Прилѣпско, в. Реформи, IV/10, София, 30 мартъ 1902, 3; Скърбенъ помменикъ, IX. Самоубити при с. Кадино (Прилѣпско) на 25 мартъ н. г., в. Дѣло, г. I/16—17, София, 5 мартъ 1902, 3; Силяновъ, Писма и изповѣди.., 137; А. Динев, op. cit. стр. 191; Хр. М. М. Патчев, сп. Македонска зора 7; Спомени на Лозанчев стр. 12.

Според друга верзија, во борбата учествувале осум души. Сп. Сражението на една чета.., 3; Македония и Одринско, Мемоаръ. 63; Г. Трайчевъ. op. cit., 33, 36; Къмъ борбитѣ., 37; И. Јордановски, Афери.., 8; Д-р. Владимир Стојанчевиќ, Оружени акции на Македонскиот комитет (ВМРО) во предилинденскиот период (1900—1902), — Илинден 1903, Материјали од Симпозиумот по повод 65 годишнината од Илинденското востание, ИНИ, Скопје, 1970, 181, ф. 27; Интересно е што Силјанов покасно се корегира и го прифаќа гледиштето на Мемоарот. Сп. Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби..., 136.

[44]) Според Силјанова, во борбата учествувале повеќе од 500 души. Хр. Силяновъ,

Со воената турска операција раководел прилепскиот кајмакам заедно со командантот на турскиот гарнизон во Прилеп[45]).

Лавовската одбрана на опсадените ги осуетила бројните турски напади. При секој напад прецизната четничка стрелба сеела смрт во турските редови[46]). Откако увиделе дека секој нов обид за заробување на четниците им носи само нови жртви, Турците примениле нова тактика. Направиле очајнички обид да ја запалат кулата со петролеј[47]).

Меѓутоа, расплетот на драмата лежел на друга страна.

Се почестите турски атаки во претпладневните понеделнички часови на 7 април 1902 година им ја голтнале на опсадените и онака малата количина муниција. Во следните драматични мигови, не гледајќи никаков друг чесен излез, Патчев и неговите другари донесле судбоносна одлука: самоубиство. Во тие големи мигови на себеоткровение, Патчев и неговите шестмина соборци ја покажале својата вистинска величина.

Претсмртниот ритуал започнал со кршење на пушките[48]). Потоа војводата со револвер ги застрелал своите другари. Тие паѓале двајца по двајца братски прегрнати[49].) Следниот миг, човекот што ја совладал смртта и зачекорил во бесмртноста, излегол од кулата со две бомби кои ги фрлил врз аскерот. Меѓутоа бомбите, поради врнежливото време, не експлодирале[50]). Тогаш војводата Патчев се вратил во кулата и со истрел во устата си го одзел животот[51]). Така завршил последниот чин на саможртвената драма достојна на перото на Шекспир.

---

Писма и изсповѣди.., 137; Според написот — Сражението на една чета.., 3, учествувале, не сметајќи го башибозукот, 850 души (Сп. ф. 38); Според Мемоарот — 880. (Македовия и Одринско.., 84); Тоа гледиште го прифатил и Трајчев. Г. Трайчевъ, op. cit., 36.

Ни се чини дека сите овие бројки се хиперболизирани.

45) Изъ революционната борба. Прилѣпско, в. Реформи, г. IV/10, София, 30 мартъ 1902, 3.

46) Во борбата Турците имале повеќе од 50 мртви и ранети.

Изъ революционната борба. Прилѣпско, Реформи, IV/10, 3.

Според Силјанова, Турците имале 60 мртви и ранети. Хр. Силянов Писма и изсповѣди.., 137; Во Мемоарот турските загуби се проценети на 63 души мртви и ранети. Македония и Одринско, Мемоаръ, 84; Г. Трайчевъ, op. cit., 36; Според напис во в. Реформи (Прилѣпско, в. Реформи, г. IV/11, София, 5 априлъ 1902, 3). Турците имале 150 мртви и ранети; Според напис во в. Дело (Сражението на една чета..,3), четата убила 25—30 Турци.

47) Според споменатиот напис во в. Дело (Сражението на една чета.., 3), Турците донесле 10 тулумби петролеј.

За тулумби петролеј се говори и во напис во в. Реформи. IV/10, 3. Според овој напис, изгорело сè дрвено во кулата; Според Хр. М. (Хр. М. М. Патчевъ, сп. Македонска зора.., 7), изгореле и труповите на револуционерите. Ова тврдење навистина е претерано.

48) Прилѣпско,. — в. Реформи, IV/11, София, 5 априлъ 1902, 3.

49) Ibidem. Според Белева, четниците сами, со преостанатиот револвер, еден по друг, си го одземале живот. Сп. Г. Ив. Бѣлевъ, Поява и развитие на революционното движење въ Македония, (Изъ моитѣ записки), — Ил. Илинденъ, 3/6 (26), София, 1930, 13.

50) Ibidem. Според А. Билиоти била фрлена само една динамитска бомба, која не експлодирала. PRO FO 78/5191.

51) Прилѣпско, в. Реформи, IV/11, 3.

Штамата што завладеала во кулата ги охрабрила Турците. Првпат без загуби се доближиле до кулата. Најсмелите од нив, со извесно колебање влегле во неа. Глетката што ја виделе ги фрапирала. „Седуммината херои лежеле спокојно, во крв облеани"[52]).

Сликата што ја виделе ни најмалку не им конвенирала. Поради тоа тие набрзина импровизирале богата трпеза со печено јагне и вино покрај труповите на хероите и така ги фотографирале[53]). Меѓутоа, ништо во народот не можело да ја помати светлата претстава за хероите. Педесетте мртви и ранети на непријателската страна[54]) и седумте животи прекинати во расцветот на младоста, мошне илустративно говореле за каква гозба станува збор.

Според еден напис публикуван во в. Дело, во Кадино Село се самоубиле:

1. М. Патчев, учител од Охрид;
2. Арсение. . ., 23 годишен, р. во с. Козица (Кичевско), по професија учител;
3. Стефан. . ., 34 годишен;
4. Ѓорѓи. . ., 20 годишен, родум од Демирхисарско (Битолско), земјоделец;
5. Рафаел. . ., 23 годишен, земјоделец од Демирхисарско (Битолско)
6. Коте. . ., 20 годишен, р. во Битола, кројач; и
7. Коста. . ., 40 годишен. р. во с. Долгаец, Прилепско, земјоделец[55]).

Саможртвениот подвиг на Патчев и неговите другари[56]) од 7 април 1902 година[57]) не останал осамен во историјата на македонското националноослободително движење[58]). Меѓу првите негови следбеници, кои

---

[52]) Изъ революционната борба. Прилепско, в. Реформи, IV/10, София, 30 мартъ 1902,3.

[53]) Сражението на една чета и положението въ битолско, Битоля 30 мартъ 1902, — в. Дѣло, I/14—15, София, 13 априлий 1902, 3.

За жал, не успеавме да ја пронајдеме споменатата фотографија.

[54]) „Така отплатиле тие херои на турската тиранија, така се осветиле за бесчовечките ѕверства на турското варварство, така го исполниле својот синовски долг кон мајка Македонија" (— Изъ Революционната борба. Прилѣпско, в. Реформи, IV/10. .,3).

[55]) Скърбенъ поменикъ, IX. Самоубити при с. Кадино (Прилѣпско) на 25 мартъ н. г., — в. Дъло, I/16—17, София, 5 май 1902, 3.

Меѓутоа, според извештајот на А. Билиоти, двајца биле од Охрид (едниот од нив — Патчев), двајца од Прилеп, двајца од Бугарија и еден од Тиквеш. PRO FO 78/5191.

Ни се чини дека написот во в. Дело е поблизу до вистината.

[56]) Изъ Революционната борба. Прилепско, Реформи, IV/10, 3; М. Патчевъ, в. Право, II/25 (33), София, 10. VIII. 1902, 1; Македония и Одринско, Мемоаръ. . , 63; Г. Трайчевъ, op. cit., 33; Хр. Силяновъ, op. cit., 136; А. Диневъ, op. cit., 191; Спомени на А. Лозанчев, ракопис. . ., 12.

Меѓутоа, според извештајот на Билиоти само 4 се самоубиле, PRO FO 78/5191.

[57]) 25 март ст. ст., понеделник. Празник св. Благовештение. Сп. Изъ револьционната борба. Прилепско, В. Реформи, IV/10, 3; Хр. Силяновъ, Писма и изсповѣди. . , 137; Д. Димески, Idem, 129, ф. 1.

[58]) Ова не бил прв случај на саможртва во историјатот на ТМОРО. Имало и порано. Пр. подвигот на Гавазов и Чемков.

Меѓутоа, овде имаме самоизбивање на цела организациона чета. Сп. И. Јордановски, Афери. . . , 8.

се искачиле на мартиролошкиот трон во историјата на македонскиот народ, бил неговиот соборец, сограѓанин и идеен сомисленик — Христо Узунов. Три години покасно, во истиот месец, на сличен начин, Христо Узунов со својата чета го повторил истиот подвиг — во Цер[59]).

Драмата во Кадино Село го привлекла вниманието на странските конзули во Битола. Идниот ден, 8 април 1902 година, тие, во придружба на битолскиот валија го посетиле Кадино Село и на лице место се увериле во подвигот на младите македонски патриоти[60]).

Глетката во Кадино Село го растревожила валијата.

Знатните турски загуби и херојскиот ореол на револуционерите — маченици кој веќе се исплел во мислите на народот, ги загрижиле турските власти. Оттаму резултира сменувањето на прилепскиот кајмакам[61]).

Последиците од Кадиноселската провала биле доста тешки за национално-ослободителното движење во Прилепско.

Серијата апсења на сомнителни лица започнала веднаш по борбата — на 7 април 1902 година.

Прво на удар било Кадино Село.

Голем број селани[62]), меѓу кои и свештеникот на селото[63]), биле затворени. На 7 април 1902 година, меѓу другите, во Кадино Село биле уапсени:

1. Ангеле Наумчев*, 27 годишен;
2. Веле Божинов*, 30 год.;
3. Мијајле Талев* 41, год.;
4. Тале Димов* 45, годишен[64]).

Два дена покасно, на 9 април (27. III. ст. ст.), во с. М. Коњари бил уапсен:

5. Насте Трајков*, 60 годишен[65]).

На 10 април во с. М. Коњари бил затворен:

---

[59]) Поопширно види: Хр. Андонов Полјански, Драмата во Цер, Скопје, 1968.

[60]) Прилѣпско., в. Реформи, IV/11, София, 5 априлъ 1902, 3.

[61]) Вѣсти и бѣлѣжки. Прилѣпъ. Писмо. . 9 май, в. Дѣло, I/23, София, 16 юний 1902 стр. 2.

[62]) PRO FO 78/5191.

[63]) Сражението на една чета и положението въ Битолско, Битоля, 30 мартъ 1902, — в. Дѣло, I/14—15, София, 13 априлий 1902, 3.

*) Личностите покрај чии имиња во натамошниот текст стојат ѕвездички порано или покасно биле одведени во битолскиот затвор. Останатите лежеле исклучиво во прилепскиот затвор.

[64]) Точенъ списъкъ на политическитѣ затворници въ Битолския затвор, в. Право, II/30 (38), София, 13. IX. 1902, 2.

Со оглед на тоа што биле затворени веднаш по судирот — и одведени во битолскиот затвор реална е претпоставката дека споменатите четворица присуствувале на конспиративниот состанок со Патчева.

Веројатно биле предадени од Кадиноселскиот кмет.

Не е исклучена можноста овие личности да се наоѓале меѓу осудените во врска со Кадиноселската провала.

[65]) Точенъ списъкъ..., в. Право, II/30 (38), 2.

6. Поп Никола*, 51 годишен[66]).

Истиот ден, 10 април, имало нови апсења во Кадино Село. Биле затворени:

7. Ристе Јовев*, 70 годишен;
8. Неделко Јанкула*, 27 год.;
9. Панчо Наумчев*, 37 годишен[67]).

На 12 април во с. Леништа бил уапсен:

10. Поп Димитрија*, 50 годишен[68]).

Ден подоцна, на 13 април (31. III ст. ст.) биле уапсени:

11. Рампо Пешков* од Прилеп[69])
12. Даме Ицов*, 27 годишен, — од Прилеп[70]).

Споменатите апсења всушност биле увертира на главната операција на турската полиција.

Благодарејќи на кобната заборавност на Патчева[71]), Турците во неговата облека нашле неколку писма и една тетратка која содржела шифриран список на организационите првенци во Прилепско[72]).

На турската полиција и бил потребен неполн месец да ги дешифрира Патчевите прибелешки — и да добие целосна слика за ширината на организационата мрежа во Прилепско.

Релативно брзото дешифрирање било можно благодарение на проваленяот клуч на организационата шифра во м. февруари — во врска со случајот Чорбев[73]).

---

[66]) Точенъ списъкъ..., в. Право, II/31 (39), София, 22. IX. 1902, 3.

Изгледа дека поп Никола е еден од учесниците на конспиративниот состанок со Патчев. Сп. фусн. 34.

[67]) Точенъ списъкъ..., в. Право, II/31 (39), 3.

[68]) Точенъ списъкъ..., в. Право, II/31 (39), 3.

Изгледа дека поп Димитрија бил вториот учесник на состанокот со Патчев. Сп. фусн. 34.

Можна е претпоставката дека двајцата свештеници, поп Димитрија од с. Леништа и гореспоменатиот поп Никола од с. М. Коњари биле на списокот на осудените-

[69]) Познат водач на терористичка група.

Рампо Пешков извесно време стажувал во четата на Марко Лерински. Сп. Г. П. Христов, Какъ се създадоха пърните организациони чети въ Битолския окръг, — 50 години от Илинденското въстание, София, 1953, 89.

Според Г. Трајчев, Пешков последниот пат бил уапсен во Битола. Пешков трипати бил затворан. Третиот пат бил фатален за него. Во затворот умрел.

Сп. Г. Трайчевъ, op. cit., 96; Д. Димески, Idem, 129, ф. 2.

[70]) Точенъ списъкъ.., в. Право, II/29 (37), София, 6. IX. 1902, 2.

[71]) Познато е дека Патчев и неговите другари ги скршиле пушките за да не му послужат на непријателот. (сп. фусн. 48). Да не била во прашање заборавност, Патчев ќе ја скриел или уништел архивата.

Христо Узунов, поучен од фаталната Патчева брзоплетост, во пресмртните мигови посебно внимание посветил на архивата. Сп. Хр. Андонов Полјански, Драмата во Цер, Скопје, 1968, 88, 94.

[72]) Ужасна афера въ Прилѣпско, в. Реформи, IV/15, София, 9 май 1902, 1.

Според овој напис, во Патчевите цебови биле најдени куп писма.

[73]) Сп. фусн. 30 и 31.

Главната акција на турската полиција започнала ноќта помеѓу 4/5 мај 1902 година[74]).

Истовремениот удар во градот и селата имал за цел да ги смали на минимум можностите за бекства на личностите од списокот на Патчев.

Таа ноќ Прилепско долго ќе ја памети. Бројните турски потери што пливнале по селата [75]), покрај масовните апести, извршиле разни бесчинства и пљачки над невиното население[76]).

Истата ноќ во Прилеп бил извршен претрес во куќите на Димко Минов, Јордан Шакулов, Мијајле П. Налетов, Јордан Стамболциев, П. Димитар Бицов, Спиро Петров (брат на Ѓ. Петров) и Милан Мачев (тогаш учител во с. Оревец)[77]).

Резултатите од дотогаш невидената рација во Прилепско биле фрапантни. Националноослободителното движење во Прилепско претрпело тежок, но не и смртоносен удар.

Врз база на податоците со кои располагаме предаваме список на уапсените лица во Прилепско на 5 мај 1902 година[78]).

## I. Град Прилеп

1. Јордан Стамболциев;
2. П. Димко Бицов[79]);
3. Спиро Петров*, 27 годишен;
4. Мијајле (Михаил) П. Налетов*, 38 годишен[80]);
5. Димко Минов*, 22 год.;
6. Андон Костов*, 35 год.;
7. Васил П. Николов*, 45 год.;
8. Мих. П. Анастасов*, 42 годишен[81]).

---

[74]) 21/22 април ст. ст., спроти понеделник.

Ужасна афера въ Прилепско, Реформи, IV/15, София, 3 май 1902, 1. Во оваа операција учествувал и турскиот аскер.

[75]) Според споменатиот напис во в. Реформи (Ужасна афера.., 1), во Патчевите прибелешки фигурирале селата: Коњари, Вранче, Новоселани, Долнени, Сенокос, Мажучиште, Г. Дупјачани, Забрчани, Небрегово, Присад, Степанци, Оревоец, Плетвар Лениншта, Крстец, Тројаци, Ракле, Топлица, Царевиќ, Радобил, Селце, Кокре, Витолиште, Полчишта и Бешишта.

Меѓутоа во списокот на уапсените се наоѓаат личности од Кадино Село, Прилепец и сл. (Точенъ списъкъ, в. Право, II/29, 30 и 31). Според тоа ни се чини дека списокот на селата во написот на в. Реформи не е потполн.

[76]) „Утрината аскерот навлегува во селата и ја претресува секоја селска куќа: едни барале комити и пушки, други моми и невести, јајца, кокошки, маст, тенџерина, чорапи... Селанецот никогаш не преживеал такви зулуми". (Ужасна афера въ Прилепско..., 1).

[77]) Ужасна афера...1.

[78]) 22 април ст. ст., понеделник.

Ужасна афера въ Прилепско.., 1; Точенъ списъкъ.., в. Право, II/29 (37), II/30 (38) и II/31 (39); Вѣсти и бѣлѣжки. Изъ Битолско. Битоля, 29 априлий 1902. — в. Дѣло, I/18, София, 15 май 1902, 2.

[79]) Изъ Битолско, — в. Дѣло, I/18, 2.

[80]) Во написот — Изъ Битолско.., 2, погрешно е предадено презимето Палетов, додека во Точенъ списъкъ.., в. Право, II/19 (37), 2,— се говори за Јордан Налет. Во случајов погрешно е дадено името. Сп. Ужасна афера въ Прилѣпско.., 1.

[81]) Точенъ списъкъ.., — в. Право, II/29 (37), 2.

## II. Кадино Село

9. Јове Милев*, 40 годишен[82])

## III. С. Тројаци

10. Илија Митков;
11. Коне Шишков;
12. Ценко Мирчев*, 30 годишен[83]).

## IV. С. Плетвар

13. Јордан Христов*, 35 годишен;
14. Андон Стојанов*, 32 годишен[84]).

## V. с. Оревоец

15. Андон (Дончо) Симонов Ацев*;
16. Спиро Конев*, 45 годишен[85]);
17. Милан Мачев*, 20 годишен[86]).

## VI. с. Крстец

18. Ѓорѓија Илиев*, 63 годишен[87]);
19. Трајко Костадинов[88]).

## VII. с. Присад

20. Тасе Трајков*, 50 годишен[89]);
21. Тале Мојсов*, 50 годишен;
22. Стефан Тасев*, 45 годишен[90]);
23. Ристе Мирчев*, 35 годишен[91]);
24. Васил Иванов*, 30 годишен[92]).

---

[82]) Точенъ списъкъ.., — в. Право, II/31 (39), 3.

[83]) Ужасна афера въ Прилѣпско, в. Реформи, IV/15, София, 3 май 1902, 1; Точенъ списъкъ.., в. Право, II/29 (37), 2.

[84]) Точенъ списъкъ.., — в. Право. II/31 (39), 3.

Во в. Реформи (ужасна афера.., 1), се говори за Андон Пајнаков. Не знаеме дали се работи за една иста личност со две презимина, или за две личности.

[85]) Точенъ списъкъ.., в. Право, II/29 (37), 2. Во написот — Ужасна афера.., 1, се споменува Спирко Тапанов. И овде важи забелешката од фусн. 84.

[86]) Ужасна афера въ Прилѣпско, Реформи, IV/15, 1; Точ. списъкъ, Право, II/29,2.

[87]) Точенъ списъкъ, в. Право, II/31 (39), 3; Ужасна афера.., 1.

[88]) Ужасна афера въ Прилѣпско.., 1.

[89]) Точенъ списъкъ.., в. Право, II/31 (39), 3. Во — Ужасна афера.., 1, — Тасе Стрелков. Сп. фусн. 84.

[90]) Ibidem. Во — Ужасна афера въ Прилѣпско.., 1, — Стефан Бластев. Сп. ф. 84.

[91]) Точенъ списъкъ.., в. Право, II/29 (37), 2. Во — Ужасна афера.., се говори за Ристе Илиев. Сп. ф. 84.

[92]) Ibidem. Во Ужасна афера.., 1, — се спомнува Васил Терзиев. Сп. ф. 84.

## VIII. с. Небрегово

25. Тоде Соколов*, 25 годишен;
26. Јордан Марков*, 25 год.;
27. Јованче Ѓорѓиев*, 50 год.;
28. Јованче Веков*, 47 годишен[93]);
29. Станко Боге*, 40 годишен[94]);
30. Илија Црвенков;
31. Ристе Тошев[95]);
32. Тоде Талев*, 55 годишен[96]);
33. Милан Мојсов*, 27 годишен[97]).

## IX. с. Забрчани

34. Веле Атанасов*, 30 годишен[98]).

## X. с. Г. Дупјачани

35. Тоде Спирков*, 47 годишен;
36. Спирко Илиев*, 35 годишен[99]).

## XI. с. Долнени

37. Смиле Велев*, 55 годишен;
38. Илија Јовчев*, 40 год.;
39. Тренко Илиев*, 45 год.;
40. Тале Јосифов*, 35 годишен[100]);
41. Тале Китанов*, 28 годишен;
42. Тале Богојов*, 35 годишен[101]);

---

93) Точенъ списъкъ.., — в. Право, II/31 (39), 3.
Во Ужасна афера.., 1, — Јованче Љјамев. Сп. фусн. 84.

94) Ibidem.
Во Ужасна афера.., — Станко Дудев. Сп. ф. 84.

95) Ужасна афера въ Прилѣпско.., 1.
Во Точенъ списък.., в. Право, II/31 (39), 3, — се говори за 25 годишниот Ристе Шошев*. Сп. ф. 84.

96) Точднъ списъкъ.., в. Право, II/31 (39), 3.
Во Ужасна афера.., се говори за Тоде Белобулов. Сп. ф. 84.

97) Ibidem.
Во Ужасна афера.., 1, — М. Нешков. Сп. ф. 84.

98) Ibidem.
Во Ужасна афера.., 1, — Веле Пиралче. Сп. ф. 84.

99) Ibidem.
Во Ужасна афера.., — Спиро Белчев. Сп. ф. 84.

100) Точенъ списъкъ.., в. Право, II/31 (39), 3.

101) Точенъ списъкъ.., в. Право, II/29 (37), 2.
Во Ужасна афера въ Прилѣпско.., 1., — се спомнуваат Тале Жерев и Тале Војдоводов.

43. Китан Иванов;
44. Миле Огњанов[102]);
45. Станој Петров*, 30 годишен[103]).

XII. с. Сенокос

46. Андон Ачков;
47. Ристе Велев;
48. Тоде Стефанов[104]);
49. Веле Неделков*, 63 годишен[105]).

XIII. с. Леништа

50. Михаил Димев*, 33 годишен;
51. Тоде Јовчев*, 25 годишен;
52. Петре Стефанов*, 55 годишен[106]);
53. Ѓорѓи Спиров*, 33 годишен[107]).

XIV. с. Прилепец

54. Коста Талев*, 38 годишен[108]).

XV. с. Новоселани

55. Боше Наумчев*, 50 годишен;
56. Глигур Машко*, 35 годишен[109]).

XVI. с. Степанци

57. Темелко Наумов*, 32 годишен[110]).

XVII. с. Царевиќ

58. Милош Илев*, 50 годишен[111]);
59. Гиче Стојков*, 45 годишен[112]).

---

[102]) Ужасна афера въ Прилѣпско. . , 1.
[103]) Точенъ списъкъ. . , в. Право, II/29 (37), 2.
Во Ужасна афера. . , — Станој Огњанов. Сп. ф. 84.
[104]) Ужасна афера. . , 1.
[105]) Точенъ списъкъ, в. Право, II/31 (39), 3.
[106]) Ужасна афера въ Прилѣпско. . , 1;
Точенъ списъкъ. . , в. Право, II/29 (37), 2 и II/31 (39), 3.
[107]) Точенъ списъкъ, в. Право, II/29 (37), 2.
[108]) Точенъ списъкъ, в. Право, II/30 (38), 2.
[109]) Точенъ списъкъ. . , в. Право, II/31 (39), 3.
[110]) Точенъ списъкъ. . , в. Право, II/29 (37), 2.
[111]) Ibidem.
[112]) Точенъ списъкъ., в. Право, /31 (39) 3.

XVIII. с. Ракле

60. Никола Крстов*, 44 годишен;
61. Мих. Стојчев*, 40 годишен[113]).

XIX. с. Топлица

62. Никола Димов*, 25 годишен;
63. Ангеле Најдов*, 42 годишен[114]).

XX. с. Г. Радобил

64. Косте Чергов;
65. Димко Баљо[115]).

XXI. с. Полчишта

66. Стоко Трајков*, 28 годишен[116]).

XXII. с. Витолиште

67. Бино Антонов*, 45 годишен[117]);
68. Стојан Растев*, 50 годишен[118]).

---

[113]) Точенъ списъкъ.., в. Право, II/30 (38), 2.

[114]) Точенъ списъкъ.., в. Право, II/31 (39), 3.

[115]) Споменатите двајца радобилчани биле одведени во Кавадарци. сп. Ужасна афера въ Прилѣпско.., 1. На 29 IV/12. V. 1902 год. биле затворени:

40 годишниот Стојан Димитров* од с. М. Радобил и 45 годишниот Коста Јовев* од с. Г. Радобил.

Истиот ден во с. Фариш (Тиквешко) биле уапсени: Јован Јакимов*, 45 годишен и Ивче Кузманов*, 35 годишен. Сп. Точенъ списъкъ, в. Право, II/29 (37), 2.

Споменатите лица биле одведени во битолскиот затвор. Меѓутоа, нема индиции дека биле затворени во врска со Кадиноселската провала.

[116]) Точенъ списъкъ.., в. Право, II/29 (37), 2.

[117]) Точенъ списъкъ.., в. Право, II/31 (39), 3.

Во ,,Ужасна афера..'', се споменува под презимето Антов. По професија бил учител. Сп. Ужасна афера въ Прилѣпско.., 1.

[118]) Точенъ списъкъ.., в. Право, II/30 (38), 2.

На 21. IV/4. V. 1902 година во с. Кален биле уапсени:

1. Трајков Ангел*, 36 годишен; и

2. Петков Стојан*, 55 годишен. (Точенъ списъкъ Право, II/30, 2.

Можна е претпоставка и тие да биле затворени во врска со Кадиноселската провала.

Наведениот список на затворени лица сам по себе говори за размерите на турската рација од 5 мај 1902 година.

Меѓутоа, бројот на затворените бил поголем. Познато е дека во с. Вранче (XXIII) — биле уапсени тројца селани[119]). Нивниот идентитет не можевме да го утврдиме. Освен тоа, спомнавме дека во списокот на Патчев фигурирале и селата: Коњари[120]), Мажучиште, Бешишта и Кокре[121] Веројатно се извршени апсења и во овие села [122].) Дотогаш во с. Селце турските истражни органи останале со празни раце[123]).

Во рацијата од 5 мај 1902 година во Прилепско не било пронајдено никакво оружје[124]). Меѓутоа, тоа не ја спречило турската полиција многумина од затворените да подложи на тортура[125]).

Истражната постапка во Прилеп ја водел икинци-полицаецот Назму-ефенди[126]). Притоа, на „винички маки" биле подвргнати: Тоде Соколов од с. Небрегово, Стефан Бластев од с. Присад[127]) и Спиро Петров од градот[128]).

Меѓутоа, со рацијата од 5 мај не било затворено кадиноселското досие.

Наскоро уследила интернација на видни прилепски граѓани. Така, учителот Д. Јочков бил интерниран во Дебар, а В. Оклев и Р. Дудин биле интернирани во Корча[129]).

---

[119]) Македония и Одринско, Мемоаръ.., 64; Г. Трайчевъ, op. cit., 34.

[120]) Веројатно се мисли на двете села: Големо и Мало Коњари.

[121]) Сп. фусн. 75.

[122]) Во едно писмо публикувано во в. Дело меѓу селата, пострадани од турските потери, се спомнуваат и с. Бешишта и с. Мажучиште. Сп. Прилѣпъ. Писмо, — в. Дѣло, г. I/23, София, 16 юний 1902, 3.

Меѓутоа, конкретни податоци за апсења во спомнатите села — нема.

Доколку се базираме врз податокот на Мемоарот (Македония и Одринско, Мемоаръ.., 64) дека Кадиноселската провала засегнала и 6 села во Мариово (ние ги спомнавме селата Витолиште и Полчишта), во тој случај треба да ги имаме во предвид и с. Бешишта, Кокре, а особено Кален. (сп. ф. 118).

[123]) Ужасна афера въ Прилѣпско,.., 1.

[124]) Ibidem.

[125]) „Ги прашаат да кажат каде имаат скриено оружје, кој какви комитски работи знае, кога и какви луѓе доаѓале во нивните села и сл." (Прилѣпъ. Писмо, — в. Дѣло, I/23,3).

[126]) Ужасна афера въ Прилѣпско, в. Реформи, IV/15, София, 3 май 1902, 1.

[128]) Сп. фусн. 90.

[128]) Ужасна афера въ Прилѣпско.., 1.

За тројца жестоко мачени затворници — од Прилеп, с. Небрегово и с. Присад, — се говори и во Мемоарот. Меѓутоа, нивните имиња не се спомнати. Сп. Македония и Одринско, Мемоаръ.., 64; Г. Трайчевъ, op. cit., 33.

Стоицизмот на првите двајца (Тоде и Стефан) предизвикал восхит кај останатите затворници. Тие, меѓу другото, му рекле на икинци-полицаецот дека „турското царство скоро ќе пропадне... (Поради несносните, м. б) турски зулуми..., рајата ќе востане и ќе бара со пушка човечки права" (Ужасна афера..., 1).

[129]) Вѣсти и бѣлѣжки. Прилѣпъ. Писмо... 9 май, — в. Дѣло, I/23, София 16 юний 1902 г., 2.

Во меѓувреме било заповедано да се изградат турски кули во секое село во Прилепско, како би имала турската власт подобар надзор над населението во селата[130]). Оваа наредба била директно насочена против револуционерното движење и имала за цел елиминирање на секоја револуционерна појава во самиот зародиш.

Во м. август 1902 година грото затворници, по неколкумесечно чмаење во прилепскиот затвор, под силен турски кордон биле спроведени во битолскиот затвор[131]).

Кадиноселската провала сериозно ја разнишала организационата мрежа во Прилепско[132]). Со сигурност може да се тврди дека таа засегнала, покрај градот Прилеп, — 23 села во Прилепско[133]). Меѓутоа, се чини дека оваа бројка е поголема[134]). Нова документација би фрлила повеќе светлина на ова прашање.

Наведовме имиња на 80 лица затворени во врска со Кадиноселската провала. Од нив 66 биле одведени во битолскиот затвор. Меѓутоа, бројката на уапсените е поголема. Кадиноселската провала фрлила в затвор околу 100 лица[135]). Од нив 16 биле осудени[136]), а останатите, поради недостиг на докази биле ослободени.

---

[130]) Ужасна афера въ Прилѣпско..., 1.

[131]) 10. VIII ст. ст.

Затворниците топло биле испратени од прилепските граѓани. Низ прилепските улици ечеле бунтовнички песни. Сп. По Кадино селската провала, — в. Право, II/28 (36), София, 30 августъ 1902, 3.

[132]) Д. Димески, Националноослободителното движење во Прилепско во 1903 година, Г ИНИ, XIV/2—3, Скопје, 1970, 129.

[133]) Во оваа бројка влегува и с. М. Коњари. Сп. фусн. 65 и 66.

[134]) Според Мемоарот, Кадиноселската провала, покрај градот Прилеп, засегнала 18 села во Прилепско, како и 6 села во Мариово. (Македония и Одринско, Мемоаръ..., 64); Г. Трайчев, op. cit., 34.

Потребно е да се нагласи дека во Мемоарот се именувани 18 села. Притоа не фигурираат селата: Прилепец, Кадино Село, како и имињата на мариовските села.

Постои можност од Кадиноселската провала да биле засегнати и селата: Г. Коњари, Мажучиште, Бешишта и Кокре (сп. ф. 122), а особено Кален (сп. ф. 118), М. Радобил и Фариш (сп. ф. 115).

[135]) Според Мемоарот на Внатрешната организација биле затворени 92 организациони работници. Бројката на затворените по месности, според Мемоарот, била следна:

| | | | |
|---|---|---|---|
| I. Град Прилеп | — 5; | XI. с. Долнени | — 7; |
| II. с. Тројаци | — 3; | XII. с. Сенокос | — 3; |
| III. с. Плетвар | — 1; | XIII. с. Вранче | — 3; |
| IV. с. Оревоец | — 3; | XIV с. Новоселани | — 4; |
| V. с. Крстец | — 2; | XV. с. Коњари (Г. или М?), | — 4; |
| VI. с. Леништа | — 3; | XVI с. Степанци | — 3; |
| VII. с. Присад | — 5; | XVII. с. Царевиќ | — 4; |
| VIII. с. Небрегово | — 8; | XVIII. с. Ракле | — 6; и |
| IX. с. Забрчани | — 1; | XIX. с. Топлица | — 4. |
| X. с. Дупјачани (Г. м. б) | — 1; | | |

Особено тешка била загубата на Патчева, пред се, гледано од аспектот на неговите сјајни организаторски и агитаторски квалитети[137]). Неговата маченичка смрт доминира над неговиот краток животен пат целосно посветен на поробениот народ. Благодарниот народ му испеал песна.

Најголемата предилинденска провала во Прилепско продрела во сржта на Организацијата во овој регион. Оттаму резултира видната стагнација на националноослободителното движење во Прилепско во следните неколку месеци по кадиноселската трагедија.

Организационата дејност, особено во селата, речиси потполно замрела. Изненадното затворање на раководните кадри во прво време ги шокирало останатите организациони работници. Но не за долго. Наскоро Организацијата почнала да се опоравува. Тешките рани постепено почнале да зацеруваат.

Херојскиот подвиг на Патчев и неговите другари мошне поволно се одразил на натамошниот тек на организационите работи. Без оглед на тешките последици од Кадиноселската провала, олицетворени, пред се, во масовните арести, — саможртвениот подвиг на Патчев и неговите другари високо го подигнал моралниот дух на организационите сили во Прилепско[138]).

Херојскиот чин на Патчев и неговите соборци — што лебдел во очите на сите патриоти, знатно придонел за стоичкото држење на некои затворници пред турските истражни власти. Тоа, од своја страна, благотворно се одразило на моралот на останатите затворници[139]).

Турската полиција се сукобила со гранитен ѕид на молчење. Отпаднале сите изгледи за натамошно провалување во организационата мрежа и нејзино целосно уништување.

---

Освен тоа, во Мариово биле уапсени 20 лица, а во Тиквешко — две. Македония и Одринско, Мемоаръ. . .64); Г. Трайчевъ, op. cit. 34.

Меѓутоа, списокот во Мемоарот не е потполн. Така на пр. само од Прилеп наведовме 10 лица уапсени во врска со Кадиноселската провала. Има и др. случаи. Сп. фусн. 134.

Според в. Дело биле затворени повеќе од 100 организациони работници (Прилѣпъ. Писмо, в. Дѣло, I/23, 3); Ова гледиште го прифаќа А. Динев. (А. Динев, op. cit., 192); Според написот — По Кадино-селската афера, — в. Право, II/28 (36), 3 — во затворите лежеле 105 души граѓани и селани.

[136]) Македония и Одринско, Мемоаръ. . , 64; Г. Трайчевъ. op. cit, 34; Д. Димески, Idem, 129.

Не располагаме со судските протоколи, поради што не можевме да утврдиме кои личности биле осудени и на какви казни. За претпоставките види: фусн. 64 и ф. 68.

[137]) Д. Димески, Idem, 129.

[138]) Д. Димески, Idem.

[139]) Сп. фусн. 128.

Освен тоа, за подигање на моралниот дух на масите во Прилепско доста придонело сознанието за разгранетоста на Организацијата, што произлегло од Кадиноселската провала која ги исфрлила на површина размерите на организационата мрежа во Прилепско.

Оттаму, главно, резултира парцијалниот успех на турските власти, кои, на крајот, морале да се задоволат со 16 осудени лица[140]).

Кадиноселската провала не му задала смртен удар на револуционерното движење во Прилепско, но само го успорила неговиот натамошен развој[141]).

Со доаѓањето на Сугарев, а особено на П. Ацев, настанала извесна консолидација во организационите редови во Прилепско[142]).

---

140) Покрај нив, треба да се спомне и загубата на Рампо Пешков, кој умрел во битолскиот затвор пред да му биде судено. Сп. ф. 69.

141) А. Динев, op. cit., 192.

142) Д. Димевски, Idem, 150.

## Четата на Патчев на смртниот одар



(М. Матчев е првиот одоздола. Оружјето и муницијата видливи на фотографијата потекнуваат од турското импровизирано вооружување на мртвите херои. Сп. ф. 53). Оригиналната фотографија снимена од Д. Митанов се наоѓа во Народниот музеј во Охрид